Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 15.11.2021 година, донесе

П р о г р а м а

за изградба на системи за водоснабдување на подрачјето на Општина Кочани за 2022 година

I

Општина Кочани во изминатите години има продадено повеќе градежни парцели за индивидуално домување, индустриски и преработувачки капацитети и викенд куќи. Бидејќи постојната водоводна мрежа во повеќе населби е стара и не ги задоволува потребните количини на вода се предвидува изградба на нови и реконструкција на постојните линии со поголем капацитет.

1. За изградба и реконструкција на водоводната мрежа на ул. „Гошо Викентиев“, за новите објекти каде ќе бидат сместени социјално загрозените лица, за Лесна индустрија, нас.Усова Чешма, м.в.Монополски бавчи и други локации во градот и населените места во општина Кочани се предвидуват **4.500.000 ден.**
2. Надзор на потисен цевовод **1.000.000 ден.**

Вкупната вредност на оваа Програма изнесува **5.500.000 ден.**

II

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-2742/1
15.11.2021 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев